Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св Климент Охридски
Бр. 02-1161/5
22.12.2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата седница одржана на 22 декември 2015 год., донесе

ОДЛУКА

За регулирање на статусот на студентите од втор циклус на студии, запишани во учебната 2010/2011 и 2011/2012 година, кои не го одбраниле магистерскиот труд и по вториот дополнителен рок за одбрана на истиот

1. Се утврдува дека студентите од втор циклус на студии запишани на овој Факултет во учебните 2010/2011 год. и 2011/2012 год, без направена еквиваленција, а кои не го одбраниле магистерскиот труд и по вториот дополнителен рок за одбрана на истиот, го губат правото на одбрана на пријавениот труд.
2. Се утврдува дека студентите од т. 1 на оваа Одлука, не го губат правото на студент доколку поднесат барање за продолжување на студиите согласно постојните одлуки за утврдување на дополителни услови и рок за завршување на студиите на втор циклус на студии од 2010/2011 год., односно 2011/2012 год.
3. Се утврдува дека студентите од т. 2 на оваа Одлука продолжуваат да студираат по студиската програма од 2013/2014 год., и се должни да ги исполнат сите предвидени финансиски и наставни обврски, исто како и студентите кои веќе направиле т.н. еквиваленција по постојните одлуки за истото, вклучително и пријавување и изработка на нов магистерски труд во предвидените рокови.
4. Се задолжува административниот координатор и референт за втор циклус на студии преку електронскиот систем да ги извести сите студенти на кои се однесува оваа одлука.
5. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, и истата ќе се применува веднаш по нејзиното потпишување и заверка во Архивата на факултетот.

ДН

- Декан
- Раководителите и секретарот на втор циклус на студии, по меил
- Секретарот на Факултетот, по меил
- Административниот координатор за ЕКТС и референт за втор циклус на студии
- Архива

Декан,
Проф. д-р Владо тимовски